**СКОПСКИ ПАЗАР АД Скопје**
**бр. 02-304 / 85-1**
**19.11.2020**

Врз основа на членовите 385, 387 и 388 од Законот за трговски друштва, како и членовите78 и 79 од Статутот на друштвото, Управниот одбор на СКОПСКИ ПАЗАР АД Скопје објавува:

**Ј А В Е Н  П О В И К**
**за учество на седница на собрание на акционери на Скопски пазар АД Скопје**

Седницата на собранието на акционери на Скопски пазар АД Скопје ќе се одржи на ден 21.12.2020 година (понеделник) со почеток во 09:00 часот.

За работата на седницата на собранието се предлага следниот :

**Д Н Е В Е Н  Р Е Д**

**Процедурален дел:**
**1.**Отворање на собранието;
**2.**Избор на работни тела (претседавач, бројач на гласови, записничар-нотар).

**Работен дел:**

1. Предлог одлука за измена и дополнување на статутот на Скопски Пазар АД Скопје;

Се повикуваат акционерите да го пријават своето учество на собранието.
Акционерите се должни своето учество да го пријават најдоцна пред почетокот на седницата на закажаното собрание или со претходно доставување на пријава за учество до архива на Скопски пазар АД Скопје во седиштето на Друштвото или по електронски пат на info@skp.mk.
Секој акционер може да овласти полномошник за учество на собранието со писмено полномошно за што е должен да го извести друштвото по писмен или електронски пат. Доколку полномошник има добиено полномошна од повеќе акционери задолжително ја известува Комисијата за хартии од вредност за намерата и причините за давањето на полномошната од повеќе акционери во рок од 5 работни дена пред одржување на собранието на акционери.
Собранието ќе одлучува само за прашања кои се уредно ставени на дневен ред, согласно Статутот на друштвото и ЗТД.
Акционерите кои поединечно или заедно поседуваат најмалку 5% од вкупниот број на акции со право на глас, имаат право да доставаат предлог за дополнување на дневниот ред и одлуки по

точките на дневен ред најдоцна во рок од 8 дена од објавувањето на јавниот повик за одржување на седница на Собранието на акционери.
Секој акционер има право да поставува прашања во врска со секоја од точките од дневниот ред на седницата.
Материјалите за собранието на друштвото како и дополнителни информации согласно ЗТД им се достапни на акционерите од денот на објавувањето на овој повик секој работен ден во просториите на друштвото во Скопје на ул. Ѓорче Петров бр. 7, Скопје – Ѓорче Петров помеѓу 12 и 14 часот и на www.skopskipazar.com.mk

**УПРАВЕН ОДБОР**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**Младен Дамев**